**20171262590**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 44 став (1) од Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр.166/12, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.9.2017 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ СЕ ДОЛЖНИ ДА ИМААТ ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за определување на правни лица кои се должни да имаат приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/13), во член 2 во ставот 4 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен ако превозот на опасни материи се врши за сопствени потреби“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-4891/1
5 септември 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.